**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-332
28.09. **2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон, член 17 и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3366/1 од 02.09.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика од страна на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 33-та седница одржана на 25.09.2020 година согласно Заклучокот арх.бр.02-3518/10 од 25.09.2020 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 17 и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, а казнива по член 147 став 1 точка 11 и став 2 од истиот Закон на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, емитуван на 10 август 2020 година, филмот „Напад на полициската станица 13" беше емитуван со погрешна предупредувачка сигнализација, а играните програми „Милион години пред Христос„, „Бонанца", „Напад на полициската станица 13", „Зачувај го последниот танц", „Џордан", „Наследничка", „Кралска венчавка" и „Смртно исплашена" пред почетокот на емитувањето не беа означени со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетниците, и тоа:

- играниот филм „Напад на полициската станица 13", емитуван во периодот од 02:40:05 часот до 04:10:45 часот, беше погрешно означен како програма од Втора категорија (8+), што е спротивно на член 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, а според деталниот аналитички увид во аудиовизуелната целина требало да биде означен како програма од Четврта категорија (16+), што не се препорачува за деца под 16 години и може да се емитува само во периодот од 22:00 до 05:00 часот, како и

- играните програми: „Милион години пред Христос„ – филм, емитуван во периодот од 00:10:05 часот до 01:49:35 часот; „Бонанца" – серија (шеста епизода), емитувана во периодот од 01:50:25 часот до 02:39:58 часот; „Напад на полициската станица 13" – филм, емитуван во периодот од 02:40:05 часот до 04:10:45 часот; „Зачувај го последниот танц" – филм, емитуван во периодот од 04:58:00 часот до 06:47:58 часот; „Џордан" – серија, емитувана во периодот од 15:20:00 часот до 16:01:56 часот; „Наследничка" – серијал, емитуван во периодот од 16:05:05 часот до 16:48:40 часот;

„Кралска венчавка“ – филм, емитуван во периодот од 20.17:38 часот до 21:56:45 часот и „Смртно исплашена“ – филм, емитуван во периодот од 23:19:25 часот до 23:59:59 часот, пред почетокот на емитувањето не беа означени со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица, што е спротивно на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по датум на емитување, наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3366/1 од 02.09.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 2-ри септември 2020 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, емитуван на 10-ти август 2020 година, на регионално ниво, при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 17 и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Имено, со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 10-ти август 2020 година, играниот филм „Напад на полициската станица 13“, емитуван во периодот од 02:40:05 часот до 04:10:45 часот, беше погрешно означен како програма од Втора категорија (8+), што е спротивно на член 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, а според деталниот аналитички увид во аудиовизуелната целина требало да биде означен како програма од Четврта категорија (16+), што не се препорачува за деца под 16 години и може да се емитува само во периодот од 22:00 до 05:00 часот, како и играните програми: „Милион години пред Христос„ – филм, емитуван во периодот од 00:10:05 часот до 01:49:35 часот; „Бонанца“ – серија (шеста епизода), емитувана во периодот од 01:50:25 часот до 02:39:58 часот; „Напад на полициската станица 13“ – филм, емитуван во периодот од 02:40:05 часот до 04:10:45 часот; „Зачувај го последниот танц“ – филм, емитуван во периодот од 04:58:00 часот до 06:47:58 часот; „Џордан“ – серија,

емитувана во периодот од 15:20:00 часот до 16:01:56 часот; „Наследничка" – серијал, емитуван во периодот од 16:05:05 часот до 16:48:40 часот; „Кралска венчавка" – филм, емитуван во периодот од 20.17:38 часот до 21:56:45 часот и „Смртно исплашена" – филм, емитуван во периодот од 23:19:25 часот до 23:59:59 часот, пред почетокот на емитувањето не беа означени со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица, што е спротивно на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е по датум на емитување, наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3366/1 од 02.09.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип на 04.09.2020 година, испрати Допис (наш Уп1 бр.03-327 од 04.09.2020 година) со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3366/1 од 02.09.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. Во предвидениот рок, ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. Советот на Агенцијата на 33-та седница одржана на 25.09.2020 година, го разгледа предметниот Писмен извештај при што заклучи на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 33-та седница одржана на 25.09.2020 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-3518/10 од 25.09.2020 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3366/1 од 02.09.2020 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), се доставува:

02 09 2020
10 3366 1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Вид надзор: Редовен;
2. Субјект на надзорот: Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;
3. Период опфатен со надзорот: 10 август 2020 година;
4. Датум на извршување на надзорот: 2 септември 2020 година;
5. Предмет на надзорот:
   - Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - Правилник за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);
   - Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - Упатство за примена на одредбите за пласирање производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);
   - Правилник за спонзорство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);
   - Правилник за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
   - Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);
   - Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (емитување игри на среќа);

6. Претходно изречена мерка: Нема;

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ИРИС ДОО Штип, емитуван на 10 август 2020 година, на регионално ниво, констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 17 и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Спротивно на членот 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, играниот филм *„Напад на полициската станица 13“* беше означен со предупредувачки знак – „8+“, односно - втора категорија програма, а според деталниот аналитички увид во аудиовизуелната целина, соодветната категоризација требала да биде – „16+“, односно – четврта категорија програма (*што не се препорачува за деца под 16 години).*

*Филмот „Напад на полициската станица 13“ („Assault on Precinct 13“) жанровски е класифициран како - криминалистички трилер, а аудиовизуелната целина со времетраење од 1 час и 30 минути е доминантно составена од чести, долготрајни сцени кадрирани во варијации од крупни планови низ кои експлицитно се прикажуваат брутално / свирепо / садистичко насилство и детали од последици на насилство. Во историјата на кинематографијата филмот „Напад на полициската станица 13“ има култен статус на – „класика на жанрот криминалистички трилер“ -, но во ниту една негова монтажна варијанта – било за јавно кинoприкажување било за приватна видеоколекција – без разлика на културното и на општественото милје каде што се прикажува(л), речиси и да нема(л) класификациски рејтинг под „15+“, а во одредени национални регулаторни рамки дури е и ограничен / цензуриран за јавно прикажување. Повеќе детали за глобалната класификација на овој филм можат да се погледнат и на –* https://imdb.to/3lcWOzU (види табела бр.1)

Табела бр.1

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Напад на полициската станица 13“ | 02:40:05 | 04:10:45 |
| **Опис на прекршувањето**<br><br>Филмот е погрешно означен како програма од Втора категорија (8+). Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, треба да се означи како програма од Четврта категорија (16+), што не се препорачува за деца под 16 години и може да се емитува само во периодот од 22:00 од 05:00 часот. | | |

Спротивно на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (предупредувачка сигнализација), играните програми наведени во табелата, пред почетокот на емитувањето не беа означени со предупредувачка сигнализација која ја означува категоријата програма (види табела бр.2).

Табела бр.2

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| *„Милион години пред Христос" – филм;* | 00:10:05 | 01:49:35 |
| *„Бонанца" – серија (шеста епизода);* | 01:50:25 | 02:39:58 |
| *„Напад на полициската станица 13" – филм;* | 02:40:05 | 04:10:45 |
| *„Зачувај го последниот танц" – филм;* | 04:58:00 | 06:47:58 |
| *„Џордан" – серија;* | 15:20:00 | 16:01:56 |
| *„Наследничка" – серијал;* | 16:05:05 | 16:48:40 |
| *„Кралска венчавка" – филм;* | 20:17:38 | 21:56:45 |
| *„Смртно исплашена" – филм;* | 23:19:25 | 23:59:59 |

Опис на прекршувањето

Играните програми пред почетокот на емитувањето не беа означени со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица.

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 17 и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на 10 август 2020 година, на телевизискиот програмски сервис на ТРД ИРИС ДОО Штип, филмот *„Напад на полициската станица 13"* беше емитуван со погрешна предупредувачка сигнализација, а играните програми *„Милион години пред Христос"*, *„Бонанца"*, *„Напад на полициската станица 13"*, *„Зачувај го последниот танц"*, *„Џордан"*, *„Наследничка"*, *„Кралска венчавка"* и *„Смртно исплашена"*, пред почетокот на емитувањето не беа означени со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетниците.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не

постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*